


**Градоначалниците од ВМРО-ДПМНЕ и Вреди со заедничка акција на Меѓународниот ден на толеранцијата**

**Денес по повод Меѓународниот ден на толеранцијата, градоначалниците од општините раководени од ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата Вреди покажаа дека единствениот пат за создавање на подобра иднина за сите граѓаните се меѓусебната соработка и разбирање.**

**Учество на овој настан имаа градоначалниците од ВМРО-ДПМНЕ и тоа, Јовица**

**Илиевски градоначалник на Општина Брвеница, Дејан Митевски градоначалник на Општина Аеродром, Александар Стојкоски градоначалник на Општина Ѓорче Петров, Орце Ѓорѓиевски градоначалник на Општина Кисела Вода, воедно и претседател на ЗЕЛС. Од коалицијата Вреди учествуваа градоначалникот на Општина Желино Блерим Сејдини, градоначалникот на Општина Гостивар, Валбон Лимани и градоначалникот на Општина Чаир, Висар Ганиу.**

**Градоначалниците истакнаа дека засадувањето садници не е само симболичен чин, туку јасна порака дека: Садиме надеж, единство и напредок против поделбите и омразата.**